

На 5 април македонските граѓани го избраа својот четврти претседател на независна Македонија – доктор Ѓорге Иванов. Д-р Иванов претходно ја доби номинацијата на партијата ВМРО-ДПМНЕ, како непартиски интелектуалец со голем углед во македонската експертска јавност. Со големо мнозинство од гласовите, тој победи пред противкандидатот од Социјал-демократската партија. Македонска нација во својот прв број по возобновувањето, ви пренесува профил на Претседателот Иванов.

Меѓу своите политички идоли, Претседателот Иванов го наведува чешкиот драматург и дисидент Вацлав Хавел и неговата група 77, групата интелектуалци кои го промовираа уривањето на комунистичкиот систем. Во интервјуата дадени во текот на предизборната кампања, Иванов потенцираше дека во годините на распадот на Југославија, го донел во Скопје Зоран Ѓинѓиќ, кој стана маченик во своите обиди да го разбие режимот на српскиот диктатор Слободан Милошевиќ.

-Ние тој процес го почнавме, но не го завршивме. Јас бев активен во тие реформи од самиот почеток, отворавме теми преку Млад Борец, преку Студентски Збор, преку Младински Форум. Старите структури, старата инфраструктура се како баласт, олово на нозете што не дозволува Македонија да биде дел од нормалните држави и демократии – изјави Иванов во интервју по неговото промовирање како кандидат за Претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Иванов потенцира дека поради неговите прозападни ставови и обидите за либерализација на Македонија бил соочен со притисок на работното место, од конзервативните сили на тогашните комунисти. Работејќи на Правниот факултет во Скопје, кој стана расадник на министри за СКМ-ПДП, односно СДСМ, тој работи на формирање на генерации политички активисти, кои не спаѓаат во старите шаблони. Основач на Институтот за демократија, од каде произлегуваат голем број на прозападно и реформски ориентирани интелектуалци.

-Сум ги обучувал сите партии во Македонија, преку разни програми на странски организации и сум им ги предавал основите на демократијата и на политичката теорија. Сум основал теоретски списанија, сум формирал бази на податоци, од кои учеле сите денешни политичари – вели Иванов.

На Правниот факултет една од неговите обврски била водењето на Темпус програмата, преку која голем број на студенти за првпат стапиле во контакт со западниот свет. Се работи за интелектуалец кој и на овој начин, директно придонел Македонија да го запознае светот, но и светот да ја запозне Македонија.

-Многумина од нив се мои студенти, млади луѓе кои јас ги образував во демократските и западните вредности, кои продолжија да се образуваат на врвни американски и европски универзитети – вели Претседателот Иванов.

Во своите јавни настапи тој вели дека на Балканот му е потребен амбиент во кој сите земји меѓусебе ќе комуницираат, а тој амбиент го гледа во Европа. Евроатланските интеграции и напуштање на политиката на еквидистанца и отворање на политика на еднакво приближување до сите балкански соседи се главни носители во надворешно-политичката агенда на Претседателот.

-Европа го нуди амбиентот кој ни е потребен за меѓусебно комуницирање. Кога сме отворени, ние сме силни. Кога на Балканот беа поставени граници, оттогаш Балканот е во постојан конфликт. ЕУ ни го нуди концептот да се вратиме, повторно да излеземе на тој отворен простор – изјави Претседателот во настапите во текот на предизборната кампања.

За вториот столб на неговата надворешна политика, односите кон балканските



земји,На 5 април македонските граѓани го избраа својот четврти претседател на независна Македонија – доктор Ѓорге Иванов. Д-р Иванов претходно ја доби номинацијата на партијата ВМРО-ДПМНЕ, како непартиски интелектуалец со голем углед во македонската експертска јавност. Со големо мнозинство од гласовите, тој победи пред противкандидатот од Социјал-демократската партија. Македонска нација во својот прв број по возобновувањето, ви пренесува профил на Претседателот Иванов.

Меѓу своите политички идоли, Претседателот Иванов го наведува чешкиот драматург и дисидент Вацлав Хавел и неговата група 77, групата интелектуалци кои го промовираа уривањето на комунистичкиот систем. Во интервјуата дадени во текот на предизборната кампања, Иванов потенцираше дека во годините на распадот на Југославија, го донел во Скопје Зоран Ѓинѓиќ, кој стана маченик во своите обиди да го разбие режимот на српскиот диктатор Слободан Милошевиќ.

-Ние тој процес го почнавме, но не го завршивме. Јас бев активен во тие реформи од самиот почеток, отворавме теми преку Млад Борец, преку Студентски Збор, преку Младински Форум. Старите структури, старата инфраструктура се како баласт, олово на нозете што не дозволува Македонија да биде дел од нормалните држави и демократии – изјави Иванов во интервју по неговото промовирање како кандидат за Претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Иванов потенцира дека поради неговите прозападни ставови и обидите за либерализација на Македонија бил соочен со притисок на работното место, од конзервативните сили на тогашните комунисти. Работејќи на Правниот факултет во Скопје, кој стана расадник на министри за СКМ-ПДП, односно СДСМ, тој работи на формирање на генерации политички активисти, кои не спаѓаат во старите шаблони. Основач на Институтот за демократија, од каде произлегуваат голем број на прозападно и реформски ориентирани интелектуалци.

-Сум ги обучувал сите партии во Македонија, преку разни програми на странски организации и сум им ги предавал основите на демократијата и на политичката теорија. Сум основал теоретски списанија, сум формирал бази на податоци, од кои учеле сите денешни политичари – вели Иванов.

На Правниот факултет една од неговите обврски била водењето на Темпус програмата, преку која голем број на студенти за првпат стапиле во контакт со западниот свет. Се работи за интелектуалец кој и на овој начин, директно придонел Македонија да го запознае светот, но и светот да ја запозне Македонија.

-Многумина од нив се мои студенти, млади луѓе кои јас ги образував во демократските и западните вредности, кои продолжија да се образуваат на врвни американски и европски универзитети – вели Претседателот Иванов.

Во своите јавни настапи тој вели дека на Балканот му е потребен амбиент во кој сите земји меѓусебе ќе комуницираат, а тој амбиент го гледа во Европа. Евроатланските интеграции и напуштање на политиката на еквидистанца и отворање на политика на еднакво приближување до сите балкански соседи се главни носители во надворешно-политичката агенда на Претседателот.

-Европа го нуди амбиентот кој ни е потребен за меѓусебно комуницирање. Кога сме отворени, ние сме силни. Кога на Балканот беа поставени граници, оттогаш Балканот е во постојан конфликт. ЕУ ни го нуди концептот да се вратиме, повторно да излеземе на тој отворен простор – изјави Претседателот во настапите во текот на предизборната кампања.

За вториот столб на неговата надворешна политика, односите кон балканските земји, д-р Иванов вели дека Македонија долго време водела политика на еднаква оддалеченост од сите соседи, која ја оценува како контрапродуктивна. Во неговиот речник почесто се спомнува еднаквата блискост со сите, наместо еднаква оддалеченост.

-Ние сме судбински предодредени да живееме заедно – вели Претседателот и додава - Јас сум балканофил. Го сакам Балканот, ја сакам музиката, ги сакам убавите места на Балканот, ја сакам храната, музиката, ја проучувам балканската историја и ги сакам овдешните луѓе. И тоа ми кажува дека сите сме исти, ако ги смениме имињата, сите народи сме исти.

Токму во политиката кон соседите, Иванов се соочи со сериозен предизви, по неуспехот во организирањето на посетата на Претседателот на Косово Фатмир Сејдиу кој беше поканет на 28 мај. Иако поканата Претседателот Иванов ја упати од Брисел, од заедничка прес-конференција со високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската Унија Хавиер Солана, косовскиот Претседател сепак ја откажа посетата, велејќи дека е навреден од нивото на кое бил поканет. Претседателот Иванов, во интервју за Македонската телевизија, за овој настан вели дека Сејдиу во Скопје требало да биде пречекан со почесна безбедносна придружба, гарда, и со фамозниот црвен килим од медиумските текстови.

Косово е една реалност. Македонија со Косово има добри односи и ние ќе продолжиме да ги негуваме. Јас се обидов да се слушнам со Сејдиу, и тој е универзитетски професор, и како двајца професори, и како луѓе, да се договориме – изјави Претседателот.

Во поткрепа на надворешно-политичката визија која ја нуди, д-р Иванов се промовира како вонредно европски и евроатлански ориентиран човек, кој околу себе собира група на сличномислечки интелектуалци. Тој за Македонска нација вели дека Македонија ја гледа како земја која е дел од обединет Балкан, во кој ќе има еден економски простор, една валута и многу народи кои меѓусебно си ги почитуваат различностите.

Македонија опстојува во регион кој во минатото во долги периоди живеел во мир, во напредок и во благосостојба. Балканот е силен и развиен тогаш кога на него нема граници. Границите на Балканот се и извор за неговите војни и немири. Мојата визија е за регион во кој слободно и без граници ќе комуницираме, ќе тргуваме, ќе се движиме. Кога комуницираме – ние се интегрираме. Кога не комуницираме – се гетоизираме – вели Претседателот Иванов. Според Претседателот, во Балкан кој ќе биде обединет во Европа ќе се затворат и сите етнички и национални прашања кои досега го потресуваа регионот. Тогаш сите народи, вклучително и македонскиот, ќе можат да кажат дека живеат повторно заедно, без на ниту еден народ да му се загрозува правото на опстојување.



[illegible]

# ПРЕТСЕДАТЕЛ ДР. ЃОРГЕ ИВАНОВ

**Биографија**

Претседателот др. Ѓорге Иванов е роден во Валандово, на југоистокот на Македонија, на 2 мај 1960 година. По завршувањето на основното и средното образование во Валандово, ги започнал студиите по право на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје.

За време на студиите, почнал со политички активизам во либералните, реформски младински организации. Во 1988 година почнува неговата седумгодишна кариера во Македонската Телевизија, каде напредувал до позицијата уредник на Третата програма. Во текот на медиумската кариера бил активен во напорите за реформирање на политичкиот систем. Со распадот на еднопартискиот модел и диригираната економија на тогашна Југославија, активизмот на Иванов во младинските движења беше насочен кон промовирање на политичкиот плурализам и пазарната економија. Оваа активност ја продолжува на Универзитетот, каде почнува со работа во 1995 година. Магистрира политички науки на темата Граѓанско општество – новите контрадикторности на старата дебата. Неговиот докторат е насочен кон градењето на демократија во поделени општества, конкретно обработувајќи го примерот на Република Македонија.

На Правниот факултет, кој долго време е центар на македонскиот политички живот, доктор Иванов работи на промоција на нови политички погледи меѓу своите студенти, на кои им предава политичка теорија и политичка философија. Притоа, тој промовира нови методи на предавање, помагајќи да се отвори македонската академска заедница кон западните универзитети, носејќи модерна литература, политички списанија и поврзувајќи ги македонските факултети во раните фази на развојот на интернетот. Во 1999 година е именуван за визитинг професор на Програмата за Југоисточна Европа на Универзитетот во Атина, Грција. Свесен дека за отворање на Македонија кон Запад ќе биде процес за кој се потребни напорите на повеќе генерации, доктор Иванов стана активен во ТЕМПУС програмата на Европската Унија за Македонија, воведувајќи реформи во наставната програма и магистерски програми на англиски јазик.

Доктор Иванов е водечки експерт во полето на граѓанското општество и меѓу првите кој вовел систематско проучување во македонската академска заедница. Тој бил консултант на водечки аналитички и истражувачки центри. Генерации на лидери ја минале неговата обука во политички менаџмент. Доктор Иванов е меѓу соосновачите на првото македонско списание за политичка наука – Политичка мисла. Тој е основач и почесен претседател на Македонската политичка асоцијација. Иванов е и еден од водечките основачи на Институтот за демократија, Социетас Цивилис Скопје – водечки аналитички центар во Македонија кој помогна да се обликува политичката сцена во Македонија и кој насочи огромно количество на млад талент во политиката. Иако никогаш не бил партиски член, доктор Иванов беше активен во формулирањето на реформската програма на партијата ВМРО-ДПМНЕ и, на крајот, беше номиниран за нејзин претседателски кандидат во 2009. На претседателските избори победи со високо мнозинство од гласовите.

Претседателот Иванов е оженет, со едно дете.

*За Македонска нација - Емил Јакимовски*